Постапувајќи по претставката бр. 08-653/1 од 12.12.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted] - полициски службеници во ОВР Кичево, за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ бр. 258/2020) на 11.1.2023 година, го донесе следниот

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-62/3
11-01-2023 20 год.-viti

**ЗАКЛУЧОК**

**за отфрлање на претставката за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

**Образложение**

На 12.12.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против [redacted] - полициски службеници во ОВР Кичево, за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи.

Подносителот на претставката е вработен во ОВР Кичево, каде се вработени и лицата против кои е поднесена претставката. Во претставката, подносителот опишува настан кој се случил на 15.1.2020 година, а во кој биле инволвирани и тројцата именувани како потенцијални дискриминатори. Имено, на горенаведениот датум се случила тепачка помеѓу [redacted] полициски службеник во ОВР Кичево и [redacted], вработен како обезбедување во казино [redacted] Кичево, каде и се случил настанот, по што [redacted] со брза помош бил пренесен во болница во Кичево. Оттаму, пак, со возило на брза помош бил препратен во болница во Битола.

Според наводите на подносителот, откако се здобил со тешки телесни повреди, неговите колеги [redacted] го пренеле во бесвесна состојба во Медицинскиот центар во Кичево, од каде бил препратен во Битола. Меѓутоа, полицискиот службеник [redacted] забранил [redacted] да биде веднаш префрлен во Битола, наредил на брзата помош да застане и насилнички го префрлил во полициско возило, од каде бил однесен во полициска станица. Како што вели подносителот на претставката, во полициската станица малку се освестил, кога му било побарано да дува во дрегер, но од малтретирањето таму паднал во кома. Конечно, имало укажување од страна на докторка дека не смеат да го стануваат поради потрес на мозок.

За овие наводи, како доказ до Комисијата беше доставена судска пресуда од Основниот суд во Кичево од 14.12.2021 година со која обвинетиот [redacted] се прогласува за виновен. Понатаму беше доставено и Решение бр. 226-32681/1 од 23.3.2020 година со кое [redacted] времено бил распореден на работното место документарист, како и Решение бр. 22.6.1.1-61499/1 од 30.7.2020 година со кое на [redacted] му била изречена парична казна во висина од 15% од последната исплатена месечна нето плата на работникот во траење од два месеци. Видно од доказите, подносителот поднел и тужба пред Управен суд, што резултирала со пресуда бр. 1206/2021 од 18.4.2022 година. По пресудата од Управниот суд, поднел и жалба до Вишиот управен суд која била уважена со Решение бр. 208/2022 донесено на 13.10.2022 година со што пресудата била укината и предметот вратен на повторно постапување и одлучување пред првостепениот суд.

Согласно наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во нејзините надлежности. Имено, Комисијата

согласно членот 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација нема надлежност да го испитува конкретниот случај кои содржи елементи на сторено кривично дело.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20) *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други*.

Членот 5 од истиот закон ги дефинира дискриминаторските основи: *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во овој случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација.

Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го упатува подносителот да поднесе тужба до надлежен суд, доколку смета дека во конкретниот случај било сторено кривично дело.

11.1.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk